


# *ЕУ ВЕСТИ*

***ЕУ ЦЕНТАР***
***јуни 2025 година***
***ЕУЦ-број 103/2025***

## САМИТ НА ЛИДЕРИТЕ ОД ЗАПАДЕН БАЛКАН



Лидерите на шесте партнери на ЕУ од Западен Балкан (Албанија, Босна и Херцеговина, Косово, Црна Гора, Северна Македонија и Србија) на Самитот што се одржа на 30 јуни и 1 јули годинава со еврокомесарката за проширување Марта Кос, во Скопје ја потврдија својата решеност да ги искористат можностите од Планот за раст на регионот.

Планот предвидува финансиска поддршка од шест милијарди евра, од нив две милијарди се грантови, а четири милијарди се меки заеми обезбедени од ЕУ за реформи и инвестиции во областите енергетика, транспорт и дигитална трансформација, со цел зголемување на просперитетот и стабилноста во регионот.

Планот се заснова на 4 столба: зајакнување на економската интеграција на единствениот пазар на ЕУ; зајакнување на економската интеграција во рамките на Западен Балкан преку регионален заеднички пазар; забрзување на основните реформи и зголемување на финансиската помош за поддршка на реформите.

Фокусот на самитот во Скопје беше на клучните реформи кои се предуслов за исплата на средства од Планот за раст, од кои ќе имаат придобивки граѓаните на земјите-кандидати за членство во ЕУ, пред пристапувањето.

Лидерите на шесте земји од Западен Балкан се обврзаа дека ќе ги интензивираат напорите за целосно испорачување на реформските агенди, а во однос на Планот за раст за Западен Балкан дека ќе ги искористат можностите од оваа иницијатива кои вклучуваат подобрена регионална економска соработка, подобрен пристап до финансиски инструменти од ЕУ, олеснување на трговијата, интеграција на индустриските синџири за снабдување и олеснување на дигиталните и енергетските транзиции за усогласување со стандардите на ЕУ.

Еврокомесарката за проширување Марта Кос истакна дека по една година, 75% од договорените реформи за земјите од ЗБ се или имплементирани или се во тек и нагласи дека Планот за раст е клучен за забрзана интеграција и се апелираше земјите поскоро да ги завршат неисполнетите обврски.

Во следните недели, Европската комисија ќе ја финализира проценката на спроведувањето на реформите и ќе продолжи со процесот во врска со одлучување за исплати поврзани со првите транши.
Планот за раст за Западен Балкан беше усвоен од Европската комисијата на 8 ноември 2023 година и има за цел да ги интегрира партнерите на ЕУ од Западниот Балкан во Единствениот европски пазар, да ја унапреди регионалната економска соработка, да ги продлабочи реформите поврзани со пристапувањето кон Унијата и да го зголеми претпристапното финансирање за да се забрза социо-економската конвергенција на регионот со блокот.

### Содржина на вести:

| | |
|---|---|
| Самит на лидерите од Западен Балкан | 1 |
| Во фокусот на Европскиот парламент | 2 |
| Нова ЕУ регулатива за политичка транспарентност | 3 |
| Специјален претставник Европската Унија за човекови права | 3 |
| Собраниски активности поврзани со европските прашања | 4 |
| Заедничка земјоделска политика на ЕУ | 5 |
| Европски Пакт за океаните | 5 |
| Климатска цел на ЕУ за 2040 година | 6 |
| Годишен извештај за дигиталната декада | 6 |
| Инструмент на ЕУ за заем во одбраната - SAFE | 7 |
| Суспензија за безвизното патување за трети земји | 7 |
| Меѓународна дигитална стратегија на ЕУ | 8 |
| Најдобри европски држави за живот и работа во 2025 | 8 |
| Извештај на Европската канцеларија за борба против измами | 9 |
| Нова европска стратегија за биоекономија | 9 |
| Безбедноста на децата на интернет е приоритет | 10 |
| Фармацевтски договор на ЕУ | 10 |
| Намален уделот на електрична енергија од обновливи извори | 11 |
| ЕУ календар / јули 2025 | 11 |

## ВО ФОКУСОТ НА ЕВРОПСКИОТ ПАРЛАМЕНТ

www.europarl.europa.eu

***Пленарна сесија 16-19 јуни 2025***

Јунската пленарната сесија на ЕП започна со едноминутно молчење во знак на сеќавање на жртвите од убиствата во училиштата во Австрија и Франција. Насилството и омразата немаат место во Европа, ниту пак место во училиштата, истакна претседателката на ЕП.

Европратениците со 488 гласа дадоа согласност да се ажурира Договорот за патен транспорт меѓу ЕУ и Украина и да продолжи до крајот на 2025 година, со цел олеснување на движењето на стоки во и надвор од земјата.

Кралот на Јордан, Неговото Височество Абдула II бин Ал-Хусеин, им се обрати на европратениците за време на свечената седница во Стразбур.

Во усвоените резолуции европратениците ја поздравија целта на Црна Гора (со 470 гласа) да се приклучи на ЕУ во 2028 година и ги пофалија напорите на Молдавија (со 456 гласа) за членство во ЕУ.

Проценката на Европарламентот за извештајот на Комисијата за владееењето на правото за 2024 година (усвоен со 405 гласа) и за неодамнешните случувања истакнува широк спектар на закани за вредностите на ЕУ низ земјите-членки.

Европарламентот ја одбележа 40 годишнината од Шенген зоната.

Европарламентот усвои став за нацрт -законот за подобрување на капацитетот на земјите од ЕУ за ефикасна борба против сексуалната злоупотреба на деца. Предлогот е дизајниран да го прилагоди законодавството на новите технологии, на пр. вештачки, но реалистичен, длабок фалсификуван CSA материјал и да обезбеди злоупотребата и пресудувањето да можат да се гонат без оглед на тоа дали се случиле онлајн или во реалниот свет.

Во Резолуцијата усвоена со 421 глас се истакнува стабилизирачкиот ефект на Механизмот за закрепнување и отпорност (RRF) во време на значителна економска неизвесност во Европа. Европратениците сакаат да продолжи финансирањето на ЕУ за закрепнување по 2026 година за да се обезбеди финализирање на клучните инвестиции и големите проекти.

Европарламентот со 386 гласа одобри привремен договор постигнат со Советот, за пакетот за макрофинансиска помош (MFA) за Египет во вредност од 4 милијарди евра.

Усвоената резолуција како одговор на планот на Европската комисија за договор за чиста индустрија, ја нагласува потребата од комбинирање на климатските акции со индустриската конкурентност. Банката за индустриска декарбонизација и акциониот план за прифатлива енергија се клучни за конкурентноста и отпорноста на европската индустрија, истакнаа европратениците.

Европарламентот усвои резолуции за човекови права за Грузија, Иран и Мали.

Европратениците усвоија предлози за модернизација на електричната мрежа на ЕУ, зголемување на отпорноста, интегрирање на обновливи извори на енергија и поедноставување на дозволите за исполнување на енергетските цели на ЕУ. Тие ја нагласуваат важноста на европското планирање за поврзување на границите, секторите и регионите. Обновливите извори на енергија треба подобро да се интегрираат во електричните мрежи и потребни се повеќе прекугранични интерконекции.

## НОВА ЕУ РЕГУЛАТИВА ЗА ПОЛИТИЧКА ТРАНСПАРЕНТНОСТ



Советот на Европската Унија и Европскиот парламент на 17 јуни 2025 година постигнаа договор за ревизија на Регулативата за статутот и финансирањето на европските политички партии и фондации. Оваа ревизија беше дел од поширокиот „Пакет за демократија и интегритет за европските избори“, усвоен од Европската комисија на 25 ноември 2021 година.

Целта на ревидираната регулатива е да обезбеди јасни и строги правила за финансирање на европските политички партии и фондации, со цел спречување на ризици од странско мешање и политичка манипулација. Со ревизијата се намалува административниот товар за политичките субјекти, олеснувајќи го нивното работење и придонесувајќи за поефикасна примена на европското законодавство. Дополнително се зајакнува видливоста и достапноста пред граѓаните, со што се зголемува општата доверба во демократските процеси на ЕУ.

Клучните измени вклучуваат нови механизми за зголемување на транспарентноста на изворите на финансирање, подобра контрола на средствата кои можат да потекнуваат од недемократски и странски извори и мерки за одржување на усогласеност со основните вредности и принципи на ЕУ. Се зајакнуваат условите за добивање статус на европска политичка партија или фондација, со цел спречување злоупотреби и зголемување на легитимитетот на овие субјекти.

Со оваа регулаторна рамка, ЕУ демонстрира решителност да создаде безбедна, транспарентна и демократски одговорна политичка средина, заснована на принципите на правичност, отчетност и инклузивност.

https://polish-presidency.consilium.europa.eu/en/news

## СПЕЦИЈАЛЕН ПРЕТСТАВНИК НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА



Советот на Европската Унија ја назначи поранешната холандска министерка Кајса Олонгрен за специјален претставник на ЕУ за човекови права (ЕУСР).

Кајса Олонгрен е поранешна холандска политичарка со значајно искуство на национално ниво, на различни позиции, вклучително и министер за внатрешни работи, вицепремиер на Холандија и министер за одбрана од јануари 2022 до јули 2024 година.

Новата специјална претставничка на ЕУ ќе работи во областа на спроведувањето на политиката на ЕУ за човекови права, на промоција на почитувањето на меѓународното хуманитарно право и поддршка ја меѓународната кривична правда, на зајакнување на европскиот глас преку дијалози за човекови права со владите на трети земји, меѓународните и регионалните организации, со граѓанското општество и други релевантни актери.

Специјалната претставничка тесно ќе соработува со Европската служба за надворешно дејствување и институциите на ЕУ, за да обезбеди ефикасност и видливост на политиката на ЕУ за човекови права во надворешните активности.

Специјалните претставници на ЕУ ги промовираат политиките и интересите на Унијата во одредени региони и земји, како и за прашања од особено значење за ЕУ.

Првите специјални претставници на ЕУ беа назначени во 1996 година, а моментално има 11, кои ја поддржуваат работата на Високата претставничка на ЕУ за надворешни работи и безбедносна политика, Каја Калас.

https://www.euronews.rs

## СОБРАНИСКИ АКТИВНОСТИ ПОВРЗАНИ СО ЕВРОПСКИТЕ ПРАШАЊА



Претседателот на Собранието, Африм Гаши, на 30 јуни 2025 година оствари средба со директорката на Европската служба за надворешни работи на ЕУ, Зузана Михалцова Сутијакова. На средбата беа разменети мислења за актуелни прашања и степенот на спроведени реформи поврзани со пристапувањето на нашата земја во Европската Унија. На средбата Гаши изрази подготвеност за реализација на последниот услов за продолжување на процесот на преговори, со обезбедување на одредена предвидливост за одвивање на понатамошните фази согласно Копенхашките критериуми.

www.sobranie.mk



Претседателот на Комисијата за европски прашања, Антонијо Милошоски, заедно со членовите и заменик-членовите на Комисијата, 18 јуни 2025 година остварија средба со министерката за европски прашања на Данска, Мари Бјер. Главна тема на средбата беа актуелните случувања на глобалната сцена и процесот на интеграција на Република Северна Македонија во Европската Унија, при што беа разменети мислења за предизвиците и перспективите со кои се соочува нашата земја и Европа во овој контекст.



На 9 јуни 2025 година членовите на Комисијата за европски прашања (КЕП) остварија средба со амбасадорот на Франција, Кристоф ле Риголе. На средбата беа разменети мислења за процесот на евроинтеграција на Северна Македонија, со акцент на француската поддршка. Заменик-претседателот на КЕП, Игор Здравковски, истакна дека целта за полноправно членство на нашата земја во ЕУ претставува реална акција за исполнување на потребните реформи.



Пратеничката Мимоза Муса, членка на Комисијата за европски прашања, учествуваше на 73. Конференција на комисиите за европски прашања на Парламентите на земјите членки на Европската Унија (КОСАК), која се одржа од 8 до 10 јуни 2025 година во Варшава, Република Полска. Пратеничката Мимоза Муса во своето обраќање на втората сесија од Конференцијата истакна дека нашата држава активно работи на зелената транзиција, дигитализација, економски развој и борба против корупцијата. Таа ја нагласи важноста на продолжување на политиката на проширување врз основа на заслуги.

## ЗАЕДНИЧКА ЗЕМЈОДЕЛСКА ПОЛИТИКА НА ЕУ



Земјоделците ширум Европската Унија се соочуваат со бројни административни обврски кои значително го оптоваруваат нивниот секојдневен труд и претставуваат значителен финансиски товар за земјоделците и за националните администрации. Во правец на олеснување на состојбите, Европската комисија предложи измени во правилата на Заедничката земјоделска политика со цел да се намали регулаторниот товар и да се поттикне конкурентноста.

Меѓу предложените мерки се зголемување на годишниот праг за паушални плаќања за малите земјоделци од 1.250 на 2.500 евра и ослободување од дел од еколошките барања. Сертифицираните органски фарми автоматски ќе се сметаат за усогласени со одредени еколошки стандарди, а контролните проверки ќе се вршат еднаш годишно со поддршка на сателитска технологија.

Во областа на управување со кризи, се планираат нови инструменти за финансиска поддршка при природни катастрофи и болести, а земјите-членки ќе имаат поголема флексибилност во прилагодување на нивните планови што произлегуваат од Заедничката земјоделска политика. Дополнително, се предвидува финансиска поддршка до 50.000 евра за развој на мали фарми и дигитализација на административните процеси преку единствени системи за податоци. Овој пакет на мерки претставува продолжение на реформите започнати во 2024 година и важен дел од новата визија на ЕУ за одржливо земјоделство и безбедност на храна, презентирана во февруари 2025 година. Процесот ќе продолжи со нови иницијативи за дополнително поедноставување на законодавството.

https://commission.europa.eu

## ЕВРОПСКИ ПАКТ ЗА ОКЕАНИТЕ



Европската комисија на 11 јуни годинава усвои Европски пакт за океаните, кој ќе помогне во промовирање на просперитетна сина економија и ќе ја поддржи благосостојбата на луѓето што живеат во крајбрежните области.

На Самитот на ОН за океаните во 2025 година, претседателката на Европската Комисија, Урсула фон дер Лајен најави инвестиција од 1 милијарда евра за поддршка на зачувувањето на океаните, науката и одржливиот риболов.

Приоритетни области за дејствување се: заштита и обновување на здравјето на океаните, зголемување на конкурентноста на одржливата сина економија на ЕУ, поддршка на крајбрежните и островските заедници и најоддалечените региони, зајакнување на соработката на крајбрежната стража на ЕУ и безбедноста на поморските граници, унапредување на океанските истражувања, знаењето, вештините и иновациите и зајакнување на океанската дипломатија на ЕУ и меѓународното управување со океаните.

Европската Комисија се обврза да го преполови загадувањето со пластика и хранливи материи и да врати 20% од морските екосистеми на Европа до 2030 година.

Европскиот Пакт за океаните ќе биде надополнет со релевантно законодавство до 2027 година, што ќе помогне да се обезбеди спроведување на оставените приоритети на Пактот.

https://commission.europa.eu

## КЛИМАТСКА ЦЕЛ НА ЕУ ЗА 2040 ГОДИНА



Европската комисија на 2 јули 2025 година презентираше предлог за следна климатска цел насочена кон намалување од 90% на емисиите на стакленички гасови во однос на нивоата од 1990 до 2040 година. Целта за 2040 година е клучниот дел што недостасува во патот за декарбонизација на ЕУ и нејзината цел за нула емисии.
Предложената цел на Комисијата вклучува квота од 3% од целта според член 6 од Парискиот договор. Меѓународното здружение за трговија со емисии IETA го поздрави овој прагматичен потег на Комисијата за поврзување на Системот за тргување со емисии на ЕУ (EU ETS) со поширокиот меѓународен пазар на јаглерод.
Европските креатори на политики долго време беа скептични во врска со дозволувањето на меѓународни кредити на пазарите на јаглерод на ЕУ, честопати наведувајќи го „негативното искуство“.
Денес меѓународните кредити се поразлични од пред 15 години, членот 6 сега обезбедува глобална рамка за меѓународна соработка на пазарот на јаглерод, и новиот Механизам за кредитирање на Парискиот договор (PACM) испорачува стандардизирани правила и подобро управување.
Одржувањето на стабилноста на пазарот и ефикасното функционирање на Системот за тргување со емисии на ЕУ треба да останат како приоритет. Се повикуваат земјите-членки и Европскиот парламент да дадат поддршка за подобрување на флексибилноста и улогата на кредитите од Член 6 во Пакетот за климата за 2040 година.Законодавниот пакет се очекува следното лето, по што ќе следи период за преговори со ко-законодавците. Сепак, предлогот за целта за 2040 година заслужува да биде одобрен, за да се обезбеди стабилност и долгорочна предвидливост.

https://www.euractiv.com

## ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА ДИГИТАЛНАТА ДЕКАДА



Европската комисија на 16 јуни 2025 година објави Годишен извештај за состојбата на Дигиталната декада, со кој се оценува напредокот на Европската Унија во остварување на целите утврдени во Дигиталната политика до 2030 година. Извештајот е сеопфатна проценка на состојбата на дигиталната трансформација во Унијата, клучните наоди укажуваат дека Унијата се соочува со бавна имплементација на дигиталните инфраструктури (како оптичките мрежи и самостојните 5G мрежи), што ја ограничува брзината и квалитетот на дигиталната поврзаност. Усвојувањето на напредни технологии како вештачката интелигенција, облак и големи податоци се зголемува, но недоволно брзо за да се постигнат амбициозните цели за конкурентност и иновации.
Во однос на дигиталните вештини, 55,6% од граѓаните на ЕУ поседуваат основно ниво на дигитални компетенции. Недостигот од ИКТ специјалисти, особено со напредни знаења, е изразен и придружен со значителна родова нерамнотежа што сериозно го ограничува развојот во областите сајбер безбедност и примена на вештачката интелигенција.
Позитивен тренд има кај дигитализацијата на јавните услуги, сепак дел од владините дигитални системи и понатаму се потпираат на технологии и услуги од недомаќински извори што претставува ризик за дигиталниот суверенитет на ЕУ.
Во Извештајот се нагласува дека фрагментираните дигитални пазари, комплексните регулативи и стратешката технолошка зависност се структурни предизвици кои мора да бидат адресирани.
Со цврста и координирана дигитална акција, ЕУ би можела значително да го зајакне БДП, отпорноста на економијата и социјалната кохезија. Следен чекор - земјите-членки ќе ги разгледаат препораките на Комисијата и ќе работат заедно на дефинирање на следни чекори за реализација на целите за дигиталната трансформација до 2030 година.

https://commission.europa.eu

## ИНСТРУМЕНТ НА ЕУ ЗА ЗАЕМ ВО ОДБРАНАТА - SAFE

Советот на Европската Унија на 25 мај годинава го одобри Инструментот „Безбедносна акција за Европа“ (SAFE), како клучен елемент од севкупната стратегија за одбранбена подготвеност на ЕУ – Планот „ReArm Europe Plan/Readiness 2030“. Овој финансиски инструмент ќе овозможи дополнителни 150 милијарди евра на пазарите на капитал, со цел значително зголемување на инвестициите во критични одбранбени технологии и капацитети (системи за воздушна ракетна одбрана, беспилотни летала и стратешки засилувачи). Претседателката на Европската комисија, Урсула фон дер Лајен, го оцени договорот SAFE како историски и неопходен чекор за зацврстување на европската безбедност и истакна дека “Европа мора да ја преземе одговорноста за својата одбрана, SAFE е инвестиција во отпорноста, технолошката конкурентност и создавањето вистински заеднички европски пазар за одбрана. Европа чекори напред - со цел, со единство и со јасна мапа на патот кон Подготвеност 2030”.

Средствата ќе се собираат преку пазарите на капитал и на барање ќе се исплаќаат на заинтересирани земји-членки врз основа на национални планови за вложување во европската одбранбена индустрија

Овој амбициозен одбранбен инструмент е во насока на зголемување на европската одбранбена способност, и истовремено за зајакнување на конкурентноста и интероперабилноста на европската одбранбена индустриска база. Земјите-членки имаат рок до 6 месеци од стапувањето во сила на Уредбата, да ги достават своите национални планови, кои Комисијата ќе ги оценува и врз основа на нејзиниот предлог, се очекува Советот да донесе одлука за спроведување која ќе вклучува обем на заемот и предфинансирањето кое може да изнесува до 15% од заемот.

https://ec.europa.eu/commission

## СУСПЕНЗИЈА НА БЕЗВИЗНОТО ПАТУВАЊЕ ЗА ТРЕТИ ЗЕМЈИ



Советот на Европската Унија и Европскиот парламент на 17 јуни 2025 година постигнаа привремен договор за ажурирање на механизмот што овозможува суспендирање на безвизното патување за граѓаните на трети земји кои не се обврзани со визни барања за влез во Шенген зоната. Целта на законската измена е да се зајакне капацитетот на ЕУ за одбрана од злоупотреба на визниот режим и да се заштитат безбедносните, политичките и економските интереси на Унијата.

Суспензијата ќе се применува кога постојат сериозни индикации за нерегуларна миграција, злоупотреба на шемите за државјанство, хибридни закани или нарушувања на надворешните односи од трети земји, особено поврзани со човекови права и владеење на правото.

Новите правила вклучуваат праг од 30% зголемување на одбивањата за влез или пречекорувања на дозволениот престој, како и ниска стапка на признавање азил (под 20%) кои може да ја активираат суспензијата. Траењето на привремената суспензија ќе се зголеми од 9 на 12 месеци, со можност за продолжување до 24 месеци. Доколку третата земја не соработува, ЕУ ќе има можност за трајно укинување на безвизниот режим. Како новина е - наместо да се санкционира целото население, мерките ќе можат да бидат насочени само кон носителите на одлуки – владини претставници и дипломати – кога е утврдено дека тие се директно одговорни за прекршувањата. Следен чекор е официјалното усвојување на договорот од страна на надлежните ЕУ институции.

https://polish-presidency.consilium.europa.eu

## МЕЃУНАРОДНА ДИГИТАЛНА СТРАТЕГИЈА НА ЕУ



Меѓународната дигитална стратегија на ЕУ покажува дека Унијата е стабилен и сигурен партнер, отворена за дигитална соработка со сојузниците и партнерите.
Стратегијата ја потврдува посветеноста на ЕУ за градење глобален дигитален поредок базиран на правила, во согласност со нејзините фундаментални вредности.
Целта на стратегијата е да ги прошири меѓународните партнерства, технолошка деловна понуда на ЕУ за поддршка на дигиталната транзиција на земјите-партнери и зајакнување на глобалното дигитално управување, преку промовирање на глобален дигитален поредок.
Европската Унија одржува долгогодишна соработка за дигиталните приоритети со земјите ширум светот, особено преку Советите за трговија и технологија, дигиталните партнерства и договорите за дигитална трговија. Соработката со земјите-партнери ќе се фокусира на повеќе приоритети, како безбедна и доверлива дигитална инфраструктура, овие технологии (вештачката интелигенција, 5G/6G), сајбер безбедност, дигитално управување и други.
Следни чекори се - Европската Комисија и Високиот претставник ќе ги претстават предлозите во серија настани веднаш по усвојувањето, со цел побрзо да започне спроведување на активностите утврдени во заедничката комуникација.

https://ec.europa.eu/commission

## НАЈДОБРИ ЕВРОПСКИ ДРЖАВИ ЗА ЖИВОТ И РАБОТА ВО 2025




Податоци добиени преку Еуростат, ОЕЦД, Меѓународната организација на трудот и Европскиот институт за родова еднаквост, биле земени при истражување од компанија за онлајн игри Casinooft-heKings, со цел анализа на економските и социјалните индикатори поврзани со жените, во 16 земји. Десет клучни индикатори вклучуваат јаз во платите меѓу половите, сопственост на банкарска сметка и уделот на жени претприемачи.
Новата студија покажа дека нордиските земји продолжуваат да доминираат на глобалните рангирања за родова еднаквост на работното место, покажувајќи дека сеопфатните социјални политики можат да создадат средини за професионален напредок на жените. Данска, Финска и Шведска се првите три од 16 европски земји рангирани според работното место и условите за живот на жените во 2025 година. Данска е на врвот на листата, земјата нуди најдолго породилно отсуство од 18 месеци и има висок индекс на родова еднаквост од 0,78, има најмал родов јаз на менаџерските позиции, со 27,9%. На второ место е Финска, која има повеќе жени претприемачи од Данска, и најмал јаз во вработеноста на ранг-листата, од 1,5%. Заостанува по достапноста на мајчинско отсуство и родовиот јаз во платите. Шведска е на третото место на листата на најдобри земји за работа и живеење на жените во 2025 година, Земјата има најголем јаз во родовите односи на менаџерските позиции во првите 10, со 42,3%, но се издвојува со мал јаз во платите од 7,3% и 12 месеци породилно отсуство.
Италија и Грција се на дното на листата, со резултати од 52 и 56 во животниот стандард,

https://www.euronews.com

## ИЗВЕШТАЈ НА ЕВРОПСКАТА КАНЦЕЛАРИЈА ЗА БОРБА ПРОТИВ ИЗМАМИ



Европската канцеларија за борба против измами (OLAF) во годишниот извештај објавен на 16 јуни 2025 година препорачува поврат на повеќе од 870 милиони евра злоупотребени средства од ЕУ.
Истражителите на OLAF спречиле неправилно трошење на над 40 милиони евра, зајакнувајќи ја улогата на OLAF како чувар на буџетот на ЕУ.
Во знак на одбележување на 25 годишнината извештајот ја нагласува посветеноста на OLAF во заштитата на финансиските интереси на ЕУ и ја потврдува водечката улога на OLAF во борбата против измамите.
Во текот на 2024 година Канцеларијата OLAF затворила 246 истраги, дала 301 препораки за натамошно дејствување до надлежните национални и власти на ЕУ. Од сложени финансиски измами и прекугранична недозволена трговија до царински прекршоци, еколошки измами и спречување на избегнување санкции, OLAF ја демонстрира својата релевантност и прилагодливост во услови на зголемени предизвици.
Во последните три години, истрагите на OLAF довеле до враќање на 4,5 милијарди евра и спречување од неправилно трошење на повеќе од 800 милиони евра.
Во својата независна истражна функција Канцеларијата може да истражува прашања поврзани со измама, корупција и други прекршоци што влијаат на финансиските интереси на ЕУ.

https://anti-fraud.ec.europa.eu

## НОВА ЕВРОПСКА СТРАТЕГИЈА ЗА БИОЕКОНОМИЈА




Европската комисија подготвува нова стратегија за биоекономија, која се планира да се усвои до крајот на 2025 година, и со цел да се поттикнат иновациите и за зајакнување на европската биоекономија.
Стратегијата се очекува да истакне мерки кои ќе помогнат за иновациите во биоекономијата на пазарот, создавајќи нови можности за зелени работни места и одржлив економски развој.
Клучен фокус на стратегијата ќе биде подобрување на циркуларноста и одржливоста, ќе се поддржат пошироките напори на ЕУ за декарбонизација. Ќе се воспостават потребните рамковни услови за поддршка на стартапите, претприемачите и новите бизнис модели во биоекономијата.
Со усогласување со главните иницијативи на ЕУ, како што се Компасот за конкурентност и Договорот за чиста индустрија, стратегијата ќе го искористи потенцијалот на биоекономијата за поддршка на европските бизниси и унапредување на целите на ЕУ за животната средина, климата и конкурентноста.

https://www.euractiv.com

## БЕЗБЕДНОСТА НА ДЕЦАТА НА ИНТЕРНЕТ Е ПРИОРИТЕТ




Децата денес не се безбедни на интернет, но нивната забрана за пристап до социјалните медиуми не е решение и е неефикасен пристап за справување со растечките закани и штети со кои се соочуваат на интернет.
Ризиците со кои се соочуваат децата на интернет растат со алармантно темпо, во 2024 година, онлајн биле откриени околу 63 милиони слики и видеа со материјал за сексуална злоупотреба на деца.
Бројот на намамувања на деца да посетуваат содржини за возрасни на интернет се зголемил за над 300% во последниве години.
Како одговор, некои креатори на политики на ЕУ и технолошки лидери се обединуваат околу еден предлог: целосно да им се забрани на децата под одредена возраст да ги користат социјалните медиуми. Ова на некој начин претставува лесна и убедлива политика што може да се објасни на гласачите, но премногу го поедноставува проблем кој е многу посложен.Многу експерти за онлајн заштита на децата се сериозно загрижени од овој тренд, бидејќи забраните не функционираат, дури може да ја прошират штетата, бидејќи децата имаат помала веројатност да пријават злоупотреба или штета онлајн.
Она што им е потребно на децата не се едноставни решенија, туку применливи безбедносни стандарди за платформите, информирани од реалноста за тоа како децата ја користат технологијата.
Со соодветна примена на Законот за дигитални услуги, се очекува и подобрување на безбедноста на децата. Регулативата за сексуална злоупотреба на деца, предложена од Европската комисија пред повеќе од три години, би ги повикала компаниите на одговорност за овозможување на ширењето на сексуалната злоупотреба на деца преку интернет. Но, преговорите меѓу земјите од ЕУ во моментов се во застој.

https://www.euractiv.com

## ФАРМАЦЕВТСКИ ДОГОВОР НА ЕУ



По договорот за фармацевтскиот пакет што беше постигнат на Советот на 4 јуни годинава, владите на Шведска и Данска го поздравија предлогот за задржување на тековниот осумгодишен период за заштита на податоците за нови лекови.
Двете земји претходно го блокираа договорот и по две годишни преговори беше постигнат договор меѓу земјите-членки на ЕУ.
Европската комисија првично предложи намалување на период на шест години, додека Европскиот парламент предложи седум години и шест месеци временски период за заштита на податоците за новите лекови.
Големите фармацевтски компании во Данска се надеваат дека резултатот ќе биде потврден, особено затоа што преговорите ќе се водат во рамки на Данското претседателство со ЕУ од 1 јули годинава. Конфедерацијата на Данската индустрија - најголемото здружение на приватни бизниси и работодавачи во Данска, изрази незадоволство наведувајќи дека договорот ќе ги намали можностите на фармацевтските компании за развој на нови лекови. На пример, една година ќе биде доделена ако лекот се справи со неисполнета медицинска потреба кога компанијата ќе го поднесе своето барање за овластување.

https://www.euractiv.com

## НАМАЛЕН УДЕЛОТ НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА ОД ОБНОВЛИВИ ИЗВОРИ

Во првиот квартал од 2025 година, 42,5% од нето произведената електрична енергија во ЕУ доаѓа од обновливи извори на енергија. Во споредба со првиот квартал од 2024 година, ова претставува намалување од 4,3%.
Меѓу земјите од ЕУ, во првиот квартал од 2025 година, Данска имала најголем удел на обновливи извори во нето произведената електрична енергија со 88,5%, по неа се Португалија (86,6%) и Хрватска (77,3%). Најнизок удел на обновливи извори на енергија имале Чешка (13,4%), Малта (14,4%) и Словачка (15,1%).
Во 19 земји-членки на ЕУ, учеството на обновливите извори на енергија во нето производството на електрична енергија се намалило во првиот квартал од 2025 година во споредба со првиот квартал од 2024 година. Ова беше поврзано со намалувањето на производството на хидроенергија и ветер. Најголеми падови се забележани во Грција (-12,4 п.п.), Литванија (-12,0 п.п.) и Словачка (-10,6 п.п.).
Поголемиот дел од електричната енергија произведена од обновливи извори во првиот квартал од 2025 година е од ветерна енергија (42,5%), хидроенергија (29,2%) и сончева енергија (18,1%), запаливи обновливи горива (9,8%) и геотермална енергија (0,5%).

https://ec.europa.eu/eurostat




### ДОНЕСЕНИ ЗАКОНИ СО ЕВРОПСКО ЗНАМЕНЦЕ ВО ПЕРИОДОТ МАЈ-ЈУНИ 2025 ГОДИНА

***Закон за енергетика,**
*Закон за ставање во употреба на техничка опрема за транспорт,
*Закон за електронските комуникации,
*Закон за безбедност на мрежни и информациски системи,
*Закон за изменување и дополнување на Законот за електронски документи, електронска идентификација и доверливи услуги,
*Закон за архивски материјал и архивска дејност.

### *ЕУ КАЛЕНДАР / јули 2025*

1. *Данско претседателство со Советот на ЕУ, 1/7/2025 - 31/12/2025;*
2. *Состанок на Советот за надворешни работи, 14 и 15/7/2025, Брисел;*
3. *Состанок на Советот за општи работи, 18/7/2025, Брисел;*
4. *Пленарна сесија на Европскиот парламент, од 7-10/7/2025, Стразбург.*




**Корисни линкови за електронски публикации на ЕУ:**
https://publications.europa.eu/en/home
https://europa.eu/european-union/documents-publications
http://www.europarl.europa.eu/visiting/en/brussels/parlamentarium

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА
СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**ЕУ ЦЕНТАР НА СОБРАНИЕТО**

Адреса: „11 Октомври“ бр.10, Скопје, 1000

Телефон: +389 2 3 11 22 55 локали 414 и 277
Е-пошта: nsei@sobranie.mk
Канцеларија 019

www.sobranie.mk

*Во Собранието беше спроведен ИПА Проект за „Техничка помош за Парламентот" во периодот од јануари 2011 до јуни 2012 година, чија општа цел беше зајакнување на институционалниот капацитет на Собранието и со тоа подобрување на неговата транспарентност и одговорност пред граѓаните.*
*Во рамките на ИПА проектот беше обезбедена финансиска и стручна помош за воспоставување ЕУ центар во Собранието.*
*Целта на формирањето на ЕУ центарот е на пратениците во Собранието и на Службата да им се обезбеди подобар пристап до информации што се поврзани со ЕУ прашања.*
*ЕУ центарот организациски е во рамките на Секторот за поддршка на Националниот совет за евроинтеграции и следење на евроинтеграциите.*
*ЕУ центарот располага со библиотека од книги и публикации од различни области на европските политики.*




